Прилог бр.3		**Предметна програма од прв циклус на студии**			
1.	Наслов на наставниот предмет	Стоматолошки грешки и одговорност на здравствените работници			
2.	Код	СЗТИГО3			
3.	Студиска програма	Стручни забни техничари			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	УКИМ - Стоматолошки факултет – Скопје, Катедра за стоматолошка протетика, Катедра за детска и превентивна стоматологија			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус			
6.	Академска година / семестар	Година	3	семестар	5
7	Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити	3			
8.	Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник)	Проф. д-р Јулијана Николовска			
9.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
10.	Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот	Нема			
11.	Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето:	Запознавање на студентите со грешките кои се случуваат во стоматолошката практика и видови на одговорност на здравствените работници			
12.	Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје	Теоретска настава Поим за грешка во здравството ..... 1 час *Резултати од учење: Студентот ќе се запознае со дефиницијата и суштината на грешките во здравствениот систем. Студентот ќе разбере зошто е важно навремено препознавање и справување со грешките во стоматолошката пракса.* Видови на лекарска грешка ..... 2 часа *Резултати од учење: Студентот ќе научи да разликува различни типови на лекарски грешки и нивните последици. Студентот ќе развие способност за анализа на ситуации каде може да настане грешка во стоматолошкиот третман.* Карактеристики на професионалец во здравството ..... 2 часа *Резултати од учење: Студентот ќе ги усвои клучните карактеристики на еден одговорен и етички здравствен работник. Студентот ќе разбере како професионалноста придонесува за намалување на грешки.* Основи за одговорност за грешка во стоматологијата ..... 2 часа *Резултати од учење: Студентот ќе се запознае со правните и етички основи за одговорност при грешки во стоматолошката пракса. Студентот ќе научи како се одредува одговорноста во*			

		случаи на пропуст. Професионална одговорност и професионални стандарди ..... 2 часа *Резултати од учење: Студентот ќе научи кои се професионалните стандарди во стоматологијата и како тие се одразуваат на квалитетот на услугата. Студентот ќе разбере кога и како се утврдува професионална одговорност.* Одговорност на здравствените установи ..... 1 час *Резултати од учење: Студентот ќе научи за обврските и одговорностите на здравствените установи во случај на штета или грешка. Студентот ќе разбере кои институционални механизми постојат за заштита на пациентите.* Одговорност за штета предизвикана од употреба на различни протетички и ортодонтски помагала ..... 1 час *Резултати од учење: Студентот ќе се запознае со ризиците и правните импликации при користење на стоматолошки помагала. Студентот ќе научи како се утврдува одговорност при несоодветна примена на овие средства.* Осигурување од професионална одговорност на здравствените работници ..... 2 часа *Резултати од учење: Студентот ќе научи за значењето на осигурувањето во случај на професионална грешка. Студентот ќе разбере како осигурувањето* обезбедува финансиска и правна *заштита.* Права на здравствените работници ..... 2 часа *Резултати од учење: Студентот ќе се запознае со основните права кои им припаѓаат на здравствените работници. Студентот ќе научи како да ги заштити сопствените интереси при извршување на професионалните обврски.* **Вкупно: .....*15 часа*** *Вежби* *Обработка на теми од соодветната материја, презентација на темите од страна на студентите и активно вклучување во студентите до дискусија за дадената проблематика...15 часа* ***Вкупно .....15 часа***		
13	Заемна поврзаност на предметите	Нема		
14.	Детален опис на наставните и работните методи за предметот	Интерактивна настава, работа во мали групи и други облици предвидени со заедничките критериуми на ЕКТС		
15.	Вкупен расположив фонд на време	90 часа		
16.	Форми на наставните активности	16.1.	Предавања- теоретска настава. часови	15
		16.2.	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови	15
		16.3.	Пракса: часови	
17.	Други форми на активности	17.1.	Проектни задачи: часови	
		17.2.	Самостојни задачи: часови	30
		17.3.	Домашно учење - задачи	30
18	Услови за потпис	За да добие потпис студентот треба да има присуствувано најмалку 60% од наставата.		

<table>
<tr><td rowspan="4">19</td><td colspan="6">Начин на оценување</td></tr>
<tr><td>19.1.</td><td colspan="4">Тестови: бодови</td><td>40</td></tr>
<tr><td>19.2.</td><td colspan="4">Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови</td><td>20</td></tr>
<tr><td>19.3.</td><td colspan="4">Завршен испит: бодови</td><td>40</td></tr>
<tr><td rowspan="6">20</td><td colspan="3" rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 59 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td>од 60 до 68 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td>од 69 до 76 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td>од 77 до 84 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td>од 85 до 92 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td>од 93 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="3">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="2">Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот</td></tr>
<tr><td rowspan="8">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Давитковски Б.Карацинска Ј. Спасовски М. И др.</td><td>Право и јавно здравство</td><td>УКИМ, Правен факултет, Скопје</td><td>2009</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Николовска Ј.</td><td>Етички аспекти во стоматологијата</td><td>РИ-Графика, Скопје</td><td>2019</td></tr>
<tr><td>3.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="4">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Vodanovic M.</td><td>Osnove stomatologije</td><td>Naklada Slap, Zagreb</td><td>2015</td></tr>
<tr><td>2.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>3.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>